**Форум за финансиска вклученост во Европа и Централна Азија**

**Скопски консензус**

26 октомври 2015 година

Ние, носителите на политиките и регулаторите од регионот на Европа и Централна Азија (ЕЦА), се состанавме во Скопје, Македонија на 26 октомври 2015 година, на покана на Алијансата за финансиска вклученост (АФИ) и Народната банка на Република Македонија (НБРМ), со поддршка од Федералното министерство за економска соработка и развој на Германија (БМЗ) и Секретаријатот за економски прашања на Швајцарија (СЕЦО). Разговаравме за начините за зајакнување на учењето и споделување на знаењето меѓу членките на Алијансата, со цел да се унапреди финансиската вклученост во нашите земји и во регионот на ЕЦА.

Заедно со АФИ и нејзините партнери ги разгледавме можностите и предизвиците на проширувањето на финансиската вклученост во ЕЦА. Разменивме мислења за потенцијалните иновативни пристапи во политиките, регулирањата и посредувањата коишто можат ефикасно да придонесат за подобрување на пристапот до квалитетни финансиски услуги за населението во регионот на ЕЦА и ја разгледавме улогата на носителите на политиките и регулаторите во создавањето поволна средина за проширување на квалитетот на финансиските услуги во нашите земји и во регионот.

Дискутирајќи, се согласивме за следново:

- Потврдивме дека финансиската вклученост е приоритет на политиките на нашите институции.
- Согласни сме овој приоритет да го постигнеме преку учење меѓу членките на Алијансата и споделување на знаењето, што води кон развој и примена на иновативни политики и регулативи.
- Потврдуваме дека постои висок степен на заинтересираност и посветеност меѓу нашите институции за унапредување на учењето меѓу членките на Алијансата за политиката на финансиска вклученост во рамките на регионот на ЕЦА.

- Се согласуваме дека заеднички приоритетни области во рамките на опсегот на политиката за финансиска вклученост во регионот на ЕЦА ќе вклучуваат, но нема да бидат ограничени на: (1) Заштита на потрошувачите и финансиска писменост; (2) Финансирање мали и средни претпријатија; (3) Дигитални финансиски услуги; (4) Податоци за финансиска вклученост. Се согласуваме да се разгледа можноста во иднина да се вградат и дополнителни области во приоритетите на политиките.
- Ние, исто така, потврдуваме дека постои високо ниво на интерес за зајакнување на учењето помеѓу членките на Алијансата, што ги носат политиките во регионот на ЕЦА и носителите на политиките во рамките на мрежата на АФИ во другите делови од светот.
- Се согласуваме дека јавно-приватниот дијалог е важен елемент при информирањето во осмислувањето и спроведувањето на политиките. Покрај тоа, му даваме поддршка на приватниот сектор во зајакнувањето на техничкиот капацитет на нашите институции во областите каде што приватниот сектор има значителна експертиза.
- Се согласивме дека АФИ е единствената организација којашто може да ја пренесе регионалната иницијатива за учење меѓу членките на Алијансата во ЕЦА. Ја повикуваме АФИ да започне регионална платформа за учење меѓу членките на Алијансата и да ги обврзе нашите институции да земаат активно учество во оваа платформа.
- Ги охрабруваме партнерите на АФИ, спонзорите и заинтересираните страни за поддршка на ширењето и спроведувањето на оваа иницијатива.

==========================